# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 18 јули 1997
Скопје
Број 34 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**696.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јули 1997 година.

Број 08-2323/1
9 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

Член 1

Во Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија" број 20/96 и 26/96) во членот 6 став 1 по зборот „домашни" се додаваат зборовите: „и странски".

Член 2

Во членот 15 во 16 ред зборовите: „шумски був" се заменуваат со зборовите: „шумски ушест був".

Член 3

Во членот 31 по зборот „средина" се става запирка и се додаваат зборовите: „како и за наставно-научни цели".

Член 4

Во членот 32 став 1 алинеја 1 бројот „10.000" се заменува со бројот „13.000".

Член 5

Во членот 64 став 2 зборовите: „Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборовите: „корисникот на дивечот во ловиштето".

Член 6

Во членот 77 став 1 зборовите: „од 50 до 120 плати ќе се казни за стопански престап" се заменуваат со зборовите: „од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок".

Во ставот 2 зборовите: „стопански престап" се заменуваат со зборот „прекршок" а зборовите: „од пет до десет плати" се заменуваат со зборовите: „од 30.000 до 50.000 денари".

Во ставовите 3 и 4 зборовите: „стопански престап" се заменуваат со зборот „прекршок", а зборовите: „заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: „мерка на безбедност".

Член 7

Во членот 78 став 1 зборовите: „пет до петнаесет плати" се заменуваат со зборовите: „од 50.000 до 150.000 денари".

Во ставот 2 зборовите: „половина до три плати" се заменуваат со зборовите: „10.000 до 30.000 денари".

Во ставот 3 зборовите: „заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: „мерка на безбедност".

Член 8

Во членот 79 став 1 зборовите: „една петтина до половина плата" се заменуваат со зборовите: „20.000 до 50.000 денари".

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: „мерка на безбедност".

Член 9

Во членот 80 зборовите: „една петтина до половина плата и заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: „20.000 до 50.000 денари и мерка на безбедност".

Член 10

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**697.**

Врз основа на точка 1, дел III од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/91), донесувам

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Сузана Костадинова се именува за советник во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-659
15 јули 1997 година
Скопје

Претседател на
Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

---

**698.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 март 1997 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ „МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ" - СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за телекому-

никации „Македонски телекомуникации“ - Скопје, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата одржана на 27 март 1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-327/4
31 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски** с.р.

---

**699.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 март 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНСКИ ПОШТИ“ - СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонски пошти“ - Скопје, донесен од Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 27 март 1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-327/3
31 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**700.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ „МАКЕДОНИЈА“ - СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ - Скопје, донесен од Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 12 мај 1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-327/8
14 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**701.**

Врз основа на член 25 од Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини („Службен весник на СРМ“ бр. 18/88 и „Службен весник на РМ“ бр. 13/93) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94, Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7.07.1997 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ГЕОЛОШКО-РУДАРСКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ЗА 1997 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за финансирање на геолошко-рударските истражувања на минерални суровини за 1997 година, како и корисниците на средствата.

II

Средствата за финансирање на геолошко-рударските истражувања на минерални суровини за 1997 година се утврдуваат во износ од 29.000.000 (дваесет и девет милиони) денари од кои 23.000.000 (дваесет и три милиони) денари од Буџетот на Република Македонија и 6.000.000 (шест милиони) денари од Буџетот за 1997 година, од сопствени приходи на Министерството за стопанство.

III

Средствата за истражување на минерални суровини што ги обезбедува Републиката ќе се зголемат и со учество на заинтересираните субјекти. Висината на средствата што треба да ги обезбеди Републиката и заинтересираните субјекти за геолошки истражувања ќе бидат во зависност од видот на истражувањето, степенот на истраженоста на минералната суровина, потребите на Републиката, и тоа:

1. 100 % од Буџетот на Република Македонија за:
- изработка на основно-инженерска и хидрогеолошка карта, основна геолошка карта 2 на Република Македонија, геохемиска карта, основните (регионалните и проспекциски) истражувања, кои се од интерес на Републиката;
- истражувања на води за пиење.

2. До 70 % од Буџетот на Република Македонија за:
- полудетални истражувања на минералните суровини.

IV

Распоредот на средствата по одделни проекти ќе ги врши Министерството за стопанство.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1515/1
7 јули 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**702.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 70/92), на седницата одржана на 2 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ УКИНУВААТ:

- Одлуката за организирање студии за образование на воспитувачки и наставнички кадри за предучилишното и основното воспитание и образование бр. 02-358, донесена од Советот на Педагошката академија „Св. Климент Охридски" од Скопје на 2 јуни 1994 година и
- Одлуката бр. 02-135 од 8 февруари 1995 година, донесена од Советот на Педагошката академија „Св. Климент Охридски" од Скопје.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијативите на Томислав Стојановски од Куманово и Кирил Андоновски од Скопје, со решение У.бр. 25/95 и У.бр. 115/95 од 21 мај 1997 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуките означени во точката 1 од ова решение, поради тоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со Законот за насоченото образование.

4. Судот на седницата утврди дека со Одлуката бр. 02-358 се утврдува дека на Педагошката академија може да се организираат студии за образование на воспитувачки и наставнички кадар за предучилишното и основното воспитание и образование на македонски јазик и на јазиците на националностите. Со реализацијата на оваа одлука може да се отпочне по извршувањето на претходно нужните подготовки и тоа: изготвување елаборат за општествено-економската и кадровска оправданост; решение за концептот и времетраењето на студиите; определување на студиски групи, како и од обезбедување на неопходните материјално-технички, просторни, кадровски и други услови.

Со Одлуката бр. 02-135 се утврдува дека наставата по предметите: педагогија, психологија и социологија на образованието, со студентите од албанска националност на групата за одделенска настава за наставници на албански јазик да се застапи на албански јазик за секој предмет по еден извршител. Наставниците за овие наставни предмети да се ангажираат на одредено време, а изборот да се изврши по пат на конкурс или со ангажирање наставници од други институции под услови предвидени со закон. Оваа одлука има времен карактер и ќе има важност до донесувањето на Концептот за едукација на воспистувачки и наставнички кадри во Република Македонија. Наставата да отпочне да се реализира со почеток на летниот семестар во учебната 1994/95 година со запишаните студенти.

5. Судот, исто така, утврди дека оспорените одлуки со кои се уредени условите за студирање на Педагошката академија, ги презел Педагошкиот факултет, бидејќи студентите запишани на Педагошката академија под услови што важеле во моментот на нивното запишување се применувале во текот на целокупното нивно студирање. Основа за нивното преземање е членот 7 од Одлуката за основање на Педагошкиот факултет за едукација на воспитувачи и одделенски наставници, според кој студентите на Педагошката академија „Св. Климент Охридски" од Скопје, запишани заклучно со учебната 1994/95 година продолжуваат да студираат на факултетот, според постојните наставни планови и програми на Педагошката академија, најдоцна до 31 декември 2002 година.

6. Согласно член 48 став 4 од Уставот, припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон. Во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националноста се изучува и македонскиот јазик.

Членот 249 од Законот за насоченото образование утврдува дека согласност на одредбите на статутот на организациите за насочено образование што се однесуваат на правата и обврските на студентите, организацијата (режимот) на студирањето, начинот и постапката за донесување на планови и програми за воспитно образовната дејност, како и на други прашања дава Собранието на Република Македонија.

Од изнесеното произлегува дека правото на припадниците на националностите на настава на својот јазик во основното и средното образование е дел од основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот и претставува израз и потврда на нивното право на слободна употреба на својот јазик. Даденото право на образование на мајчин јазик на припадниците на националностите претпоставува и обврска за државата да создаде услови за образование на наставнички кадар. Оттука произлегува и потребата студентите од националностите, наставата да ја следат на својот мајчин јазик, а со цел да се постигне поголемо ниво на стручност и компетентност што ќе им овозможи подоцна квалитетно и стручно како наставници да ја изведуваат наставата во предучилишното и основното образование.

Меѓутоа, остварувањето на ова право, согласно член 48 став 4 од Уставот, може да се пропише единствено со закон кој ќе го утврди начинот на остварувањето на правото на настава на припадниците на националностите на својот јазик.

Тргнувајќи од содржината на оспорените одлуки очигледно е дека со нив се регулира законска материја. Дури и ако се допушти можноста дека овие одлуки се статутарни одлуки со кои се разработува одредена со закон утврдена материја, се поставува прашањето за нивната правна валидност и од процедурален аспект. Имено тие се донесени од Советот на Педагошката академија врз основа на барањата на Министерството за образование и физичка култура, но не во иста постапка како Статутот на Педагошката академија и немаат согласност од Собранието на Република Македонија.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У.бр. 25/95 и У.бр. 115/95
2 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на
Република Македонија
д-р Милан Недков, с.р.

## ОПШТИ АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

### ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**14.**

Врз основа на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на Република Македонија" бр. 80/93, 14/95 и 71/96) и член 40 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 50/94), во постапка на ревизија, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 9 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА**
**(ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ОЛОВНИ АКУМУЛАТОРИ)**

Член 1

Во глава VII-а на член 2 од Одлуката за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Сл. весник на СРМ“ бр. 31/75), во поднасловот ПРОИЗВОДСТВО НА ОЛОВНИ АКУМУЛАТОРИ, како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во смисла на член 125 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

ПОГОН I

1. Ракувач на мелничко одделение 12/14 месеци
2. Помошник ракувач на мелничко одделение 12/14 „
3. Ставање и одложување на плочи 12/15 „
4. Работник на формација 12/15 „
5. Сечач и брусач на електроди 12/15 „
6. Помошник работник на доработка и формација 12/15 „
7. Рачно комплетирање на ќелии 12/15 „
8. Машинско комплетирање на ќелии 12/15 „
9. Прифаќање на ќелии 12/15 „
10. Заварувач на ќелии 12/15 „
11. Ставање на ќелии во кутии 12/15 „
12. Централно заварување и поправка на ќелии 12/15 „
13. Залевање на полипропилен 12/15 „
14. Лепење на капаци и заварување на полни изводи 12/15 „
15. Завршни работи 12/13 „
16. Леар на решетки 12/15 „
17. Машинско леење на ситни делови 12/15 „
18. Рачно леење на ситни делови 12/15 „
19. Работник на казан за отпадно олово 12/15 „
20. Подготвувач на паста 12/15 „
21. Подготвувач на хемикалии 12/14 „
22. Оператор во пастирно 12/15 „
23. Прифаќање на плочи 12/15 „
24. Помошник работник во пастирно 12/14 „

а) „ВАРТИНА“ Линија

1. Контрола на куса врска и дихтување на готови производи 12/15 „

ПОГОН II

1. Оператор на мелница 12/15 месеци
2. Помошник оператор на мелница 12/15 „
3. Работник за транспорт на оксид 12/13 „
4. Работник на сушара 12/15 „
5. Работник на формирање 12/15 „
6. Леење на формациски прачки и детали за када 12/15 „
7. Сушење на електроди 12/15 „
8. Брусење на електроди 12/15 „
9. Рачно комплетирање на ќелии 12/15 „
10. Заварување на ќелии 12/15 „
11. Правење отвори на кутии 12/15 „
12. Ставање ќелии во кутии 12/15 „
13. Центрирање на ќелии 12/15 „
14. Заварување ќелии со ќелии 12/15 „
15. Залевање со полипропилен 12/15 „
16. Правење на полни мостови 12/15 „
17. Завршни операции на лента 12/13 „
18. Помошник работник на лента 12/13 „
19. Леар на решетки 12/15 „
20. Машинско леење на ситни делови 12/15 „
21. Припрема на емулзија 12/15 „
22. Рачно леење на ситни делови 12/15 „
23. Правење на легури 12/15 „
24. Селектори на ситни делови 12/13 „
25. Подготвувач на хемикалии 12/14 „
26. Подготвувач на паста 12/15 „
27. Оператор на пастирка 12/15 „
28. Помошник работник на машина за пастирање 12/15 „
29. Прифаќач на плочи 12/14 „
30. Утилизатор на отпадна паста 12/15 „

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука, се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука, ќе се утврди врз основа на документацијата со која располага претпријатието.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3772
9 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Ѓорѓи Атанасов,** с.р.

---

**15.**

Врз основа на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 14/95 и 71/96) и член 40 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/94), во постапка на ревизија, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 9 јули 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА**
**(ВО ХЕК „ЈУГОХРОМ“ ЈЕГУНОВЦЕ)**

Член 1

Во глава IX-а на член 2 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Сл. весник на СРМ“ бр. 31/75), во поднасловот ХЕК „Југохром“ - Јегуновце, како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во смисла на член 125 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

## I. ПРОИЗВОДНА ЕДИНИЦА „ФЕРОЛЕГУРИ"

– Работна единица Печка I, II и III, IV –

1. Рачно шаржирање (оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
2. Излевање на метал и организирање-излевач (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
3. Шаржирање со шаржирна машина (Оператор во производство на феролегури) 12/15 месеци
4. Довоз на мешавина (Ракувач со постројки во подготовка) 12/15 месеци
5. Ракувач со електрорегулација (Оператор во производство на феролегури – електрорегулација) 12/13 месеци
6. Ракување со кран II-кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци
7. Шаржирање на материјал (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци

– Работна единица Печка V и VI –

1. Излевање на метал и згура (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
2. Водење на регулација и топење (Оператор, специјалист за производство на феролегури-сменоводител) 12/14 месеци
3. Шаржирање и регулација (Оператор во производство на феролегури) 12/15 месеци
4. Ракувач со кран I – кранист (ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/15 месеци
5. Организирање и реализирање работи на процес по смени на производство на ферохром-сменоводител 12/13 месеци
6. Ракувач со кран II – кранист (ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци
7. Ракувач со кран III – кранист (ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци
8. Евакуација на троска (згура) (манипулант во производство на феролегури) 12/14 месеци

– Работна единица Машинско одржување –

1. Заварување на плаштеви и други метални споеви 12/14 месеци
2. Заварување на едноставни работи 12/13 месеци
3. Заварување на посложени работи 12/13 месеци
4. Самостојно заварување на сите видови споеви 12/13 месеци
5. Заварување на споеви 12/13 месеци

## II. ПРОИЗВОДНА ЕДИНИЦА „ФЕРОСИЛИЦИУМ"

– Работна единица Карбидна печка –

1. Рачно шаржирање (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
2. Излевање на метал и организирање-излевач (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
3. Ракување со кран II – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци

– Работна единица Машинско одржување во „КАЦ" –

1. Заварување на плаштеви и други метални споеви (Машински одржувач) 12/14 месеци
2. Заварување на едноставни работи 12/13месеци
3. Заварување (изведување) на посложени работи 12/13 месеци
4. Самостојно заварување на сите видови споеви 12/13 месеци
5. Заварување на споеви 12/13 месеци

– Работна единица 48 МВА – печка –

1. Излевање на метал и организирање – излевач (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
2. Шаржирање и полирање со шаржирна машина (Оператор во производство на феролегури) 12/15 месеци
3. Ракување со кран II – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци

– Работна единица 24 МВА – печка –

1. Излевање на метал и организирање-излевач (Оператор во производство на феролегури) 12/16 месеци
2. Ракување со кран II – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци
3. Евакуација на троска 12/14 месеци

– Работна единица Финализација и сепарација на ферохром –

1. Ракување со кран II – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури – дигалки) 12/14 месеци

– Работна единица Машинско одржување на нови печки (48 и 24 МВА) –

1. Заварување на плаштеви и други метални споеви 12/14 месеци
2. Изведување и заварување на сите видови споеви 12/13 месеци

– Работна единица Подготовка I погон –

1. Ракување со кран III – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци

– Работна единица Подготовка II погон –

1. Ракување со портален кран III – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури – дигалки) 12/14 месеци

Работна единица Подготовка III – погон –

1. Ракување со кран за шпон III – кранист (Ракувач со постројки за производство на феролегури-дигалки) 12/14 месеци

## III. ПРОИЗВОДНА ЕДИНИЦА „ОДРЖУВАЊЕ"

– Работна единица Огноотпорно одржување –

1. Изведувач и одржувач на сите видови работи – шаматери 12/14 месеци
2. Оператор-специјалист за огноотпорно одржување 12/14 месеци
3. Оператор за огноотпорно одржување 12/14 месеци
4. Подготвувач и помагач при работа (Ракувач во огноотпорно одржување) 12/14 месеци

## IV. ПРОИЗВОДНА ЕДИНИЦА „ХЕМИЈА"

– Работна единица Снабдување, термоенергетика и промет на материјали –

1. Истовар на суровини со грајфер 12/13 месеци

– Работна единица Излужување и филтрација –

1. Сушар I и II 12/15 месеци
2. Апаратер I и II 12/14 месеци
3. Филтерција I и II (Оператор во финализација) 12/14 месеци
4. Перење платно за филтер 12/14 месеци
5. Излужување 12/14 месеци

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука, се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука, ќе се утврди врз основа на документацијата со која располага претпријатието.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3773
9 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Ѓорѓи Атанасов**, с.р.

**16.**

Врз основа на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93, 14/95 и 71/96) и член 40 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 50/94), во постапка на ревизија, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 9 јули 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА (ВО ТОПИЛНИЦА ЗА ОЛОВО И ЦИНК „ЗЛЕТОВО“ - ВЕЛЕС)

Член 1

Во глава IV-а на член 2 од Одлуката за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Сл. весник на СРМ“ бр. 31/75), во поднасловот Топилница за олово и цинк „Злетово“ – Велес како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во смисла на член 125 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

I. ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СИНТЕР

1. Работник на горилник за синтерирање во смена 12/16 месеци
2. Работник во вреќест филтер 12/16 “
3. Работник на бункер за пропорционирање во смена 12/15 “
4. Работник на дозирни ваги во смена 12/15 “
5. Работник на кршалка и вентилатори во смена 12/15 “
6. Работник на барабан за кондиционирање во смена 12/15 “
7. Работник на дробилка и мешалка во смена 12/15 “
8. Работник на вентури уреди и вреќести филтери во смена 12/15 “
9. Работник на барабан за ладење во смена 12/15 “
10. Металуршки работник во смена 12/15 “
11. Работник во група за чистење (I група, II група) 12/15 “
12. Сменоводител на синтер во смена 12/14 “
13. Работоводител на синтер во смена 12/14 “
14. Работник на вакуум филтер во смена 12/14 “
15. Одговорен техничар на група за чистење 12/14 “
16. Металуршки работник – резерва 12/15 “
17. Работник за машинско одржување (одговорен) 12/14 “
18. Бравар 12/14 “
19. Електричар – оператор 12/14 “

II. ПОГОН ЗА КИСЕЛИНА, КАДМИУМ И ОТПАДНИ ВОДИ

1. Работник за пречистување на гасови во смена 12/15 месеци
2. Оператор во смена 12/15 “
3. Помошник оператор во смена 12/15 “
4. Металуршки работник во смена 12/15 “
5. Работник на отпадни води во смена 12/14 “

III. ПОГОН ВИСОКА ПЕЧКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СУРОВ ЦИНК И ОЛОВО

1. Груповодител на кондензатор во смена 12/16 месеци
2. Помошник на кондензатор и возење на вилушкар 12/16 “
3. Работник на третман на дрос 12/16 “
4. Груповодител за испуштање на троска во смена 12/16 “
5. Прв помошник за испуштање на троска во смена 12/16 “
6. Втор помошник за испуштање на троска во смена 12/16 “
7. Работник на када за топители и сепарациона када во смена 12/15 “
8. Оператор за мерење на ниво во печка и одржување на пумпна јама во смена 12/15 “
9. Работник за третман на метален прав во смена 12/15 “
10. Работник на скип и меѓупродукти 12/15 “
11. Металуршки работник во смена 12/15 “
12. Работник во група за чистење (I група, II група) 12/15 “
13. Работник на вреќест и мокар филтер 12/15 “
14. Металуршки работник – резерва 12/15 “
15. Сменоводител на печка во смена 12/14 “
16. Сменски работоводител во смена 12/14 “
17. Минер за припрема на алат 12/14 “
18. Ракувач со скип и меѓупродукти 12/14 “
19. Испуштач на цинк и одржувач на ликвидациска када и када за цинк во смена 12/15 “
20. Металуршки работник – резерва 12/15 “
21. Бравар 12/14 “

IV. РАФИНЕРИЈА ЗА ЦИНК, КАДМИУМ И ЦИНКОВ ОКСИД

1. Работник за транспорт на суров и рафиниран цинк во смена 12/15 месеци
2. Работник на шаржна печка во смена 12/15 “
3. Работник на печка за ликвидација во смена 12/15 “
4. Работник за одржување на термички уреди 12/15 “
5. Оператор во рафинерија за кадмиум 12/15 “
6. Работник за припрема на дрос и меѓупродукти 12/15 “
7. Помошник оператор во рафинерија за кадмиум 12/15 “
8. Припрема и леење на легури 12/15 “
9. Оператор во рафинерија за цинк во смена 12/14 “
10. Работник на машини за леење во смена 12/14 “
11. Леар и собирач на метална скрама во смена 12/14 “
12. Работник на стотонска печка во смена 12/14 “
13. Сменоводител 12/13 “
14. Оператор во постројка за цинков оксид во смена 12/14 “
15. Работник за мерење и пакување на цинков оскид во смена 12/14 “

V. РАФИНЕРИЈА ЗА ОЛОВО

| | | |
|---|---|---|
| 1. Металуршки работник за рафинерија | 12/16 | месеци |
| 2. Работник за преработка на меѓупродукти во смена | 12/16 | " |
| 3. Работник за леење на олово | 12/15 | " |
| 4. Крановодител во смена | 12/15 | " |
| 5. Металуршки работник - резерва | 12/15 | " |
| 6. Работник на сребрени легури во смена | 12/15 | " |
| 7. Ракувач со бренер во смена | 12/14 | " |
| 8. Сменоводител на погон | 12/13 | " |
| 9. Возач на транспортни средства | 12/13 | " |

VI. ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЦИНКОВ ПРАВ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Оператор на печка | 12/14 | месеци |
| 2. Помошник оператор | 12/14 | " |
| 3. Работник во класификација | 12/14 | " |
| 4. Металуршки работник - резерва | 12/14 | " |

VII. ОГНООТПОРНО

| | | |
|---|---|---|
| 1. Шамотер - металург (одговорен) | 12/14 | месеци |
| 2. Шамотер - металург (I група, II група, III група) | 12/14 | " |

VIII. ПОГОН ТРАНСПОРТ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Возач на утоварувач | 12/15 | месеци |
| 2. Работник за кипување на вагони | 12/14 | " |
| 3. Ракувач со стрелест додавач | 12/14 | " |
| 4. Работник за ракување со транспортни чворови и одржување на ленти | 12/13 | " |
| 5. Работник за истовар на вагони | 12/14 | " |

IX. МАШИНСКО ОДРЖУВАЊЕ НА КОМПЛЕКС СИНТЕР СО КИСЕЛИНА, ТРАНСПОРТ И ГАРАЖА

| | | |
|---|---|---|
| 1. Бравар во смена (I група, II група, III група) | 12/14 | месеци |
| 2. Бравар на синтер - одговорен | 12/14 | " |
| 3. Бравар (I група, II група, III група) | 12/14 | " |
| 4. Бравар за киселина - одговорен | 12/14 | " |
| 5. Бравар и оловар во кадмиум - одговорен | 12/14 | " |
| 6. Бравар - оловар (I група, II група, III група) | 12/14 | " |
| 7. Сменоводител во комплекс синтер | 12/14 | " |
| 8. Заварувач - бравар | 12/14 | " |

X. МАШИНСКО ОДРЖУВАЊЕ НА КОМПЛЕКС ПЕЧКА СО РАФИНЕРИЈА И ТЕРМИКА

| | | |
|---|---|---|
| 1. Бравар во смена (I група, II група, III група) | 12/14 | месеци |
| 2. Бравар - одговорен | 12/14 | " |
| 3. Бравар (I група, II група, III група) | 12/14 | " |
| 4. Заварувач | 12/14 | " |
| 5. Сменоводител во комплекс печка | 12/14 | " |
| 6. Бравар за машинско одржување на цинкова рафинерија и цинк оксид (I група, II група, III група) | 12/14 | " |

XI. ЕЛЕКТРО ОДРЖУВАЊЕ НА КОМПЛЕКС СИНТЕР

| | | |
|---|---|---|
| 1. Електричар (I група, II група, III група) | 12/14 | месеци |
| 2. Сменски електричар (I група, II група) | 12/14 | " |

XII. ЕЛЕКТРО ОДРЖУВАЊЕ НА КОМПЛЕКС ПЕЧКИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Електричар (I група, II група, III група) | 12/14 | месеци |
| 2. Сменски електричар - одговорен | 12/14 | " |
| 3. Сменски електричар (I група, II група) | 12/14 | " |

XIII. АВТОМАТИКА И ИНСТРУМЕНТАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1. Сменски автоматичар и инструменталец во печка (I група, II група, III група) | 12/14 | месеци |
| 2. Сменски автоматичар и инструменталец на синтер (I група, II група, III група) | 12/14 | " |
| 3. Машинобравар, пневматичар и хидроуличар | 12/14 | " |

XIV. ЛЕГУРИ, ЛЕМОВИ И ПРЕРАБОТКА

| | | |
|---|---|---|
| 1. Оператор на индукциона печка | 12/14 | месеци |
| 2. Работник за припрема и леење на легури | 12/14 | " |

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука, се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука, ќе се утврди врз основа на документацијата со која располага претпријатието.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-3774
9 јули 1997 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Ѓорѓи Атанасов**, с.р.

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 2596/97, на регистарска влошка 1-69587-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на трговец-поединец.

Трговец-поединец, трговија на мало со обувки „ДАДО" ТРПЕВСКИ (МЛАДЕН) Илчо ул. „Маршал Тито" бб Тетово.

Основан е со пријава 01-01 од 15.III.1997 год.

Основач е Трпевски Младен Илчо, од Тетово.

Дејности: 070122 - Трговија на мало со обувки, кожа, гума и пластика.

Во правниот промет со трети лица трговецот-поединец настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица трговецот-поединец одговара лично со целокупниот свој имот.

Лице за застапување е Трпевски Младен Илчо, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 2596/97. (8777)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 3493/97, на регистарска влошка 1-69603-0-0-0, го запиша во судскиот регистар трговскиот регистар и основањето на ДООЕЛ.

Приватна здравствена организација - аптека „ФЛОРЕНС-ФАРМ" ДООЕЛ на Фатмир Изаири Тетово, ул. „Маршал Тито" зграда Б 54 ламела 17.

Друштвото е основано со изјава од Фатмир Изаири од 14.05.1997 год. како единствен содружник на друштвото.

Дејности: 130160 - аптеки.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот.

Лице за застапување е Фатон Алити, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 3493/97. (8778)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 3714/97, на регистарска влошка 1-69632-0-0-0, го запиша во судскиот регистар уписот на трговец поединец.

Авто такси „ФАТИ" „Т.П." Идризи Зулбеар Бесник с. Камењане-Камењане.

Основач е Идризи Зулбеар Бесник од с. Камењано-Камењане.

Во правниот промет со трети лица, настапува во свое име и за своја сметка.

Во правниот промет со трети лица, одговара со целиот свој имот.

Предмет на работење – 060602 – Превоз на патници со такси автомобил.

Лице за застапување е Идризи Зулбеар Бесник, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3714/97. (8779)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3833/96 на регистарска влошка бр. 1-11434-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и проширување на дејност на Претпријатието за транспорт и услуги бул. „Гоце Делчев“ бр.11 Скопје, ДТЦ Мавровка.

На 1.11.1996 год. во претпријатието пристапил „ВОДНО ТАБАКО“ д.о.о. Скопје претпријатие за меѓународна трговија и услуги, а на истиот ден истапил „ВОДНО“ д.о.о. Скопје претпријатие за транспорт, меѓународна трговија и услуги.

Дејности: 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070127, 070128, 070131, 070132, 070140, 070150, 070221, 070223, 070224, 070225, 070226, 070230, 070240, 070250, 110309, 110909, 070320, 070310..

Во надворешниот промет се запишува Зоран Стојановиќ, директор без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3833/96. (5017)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3168/97 на регистарска влошка бр. 1-69531-0-0-0, го запиша во судскиот регистар упис на трговец поединец Колонијал ТП „ДИНИ“ Реџепи Хуѕениризa Адемсафи с. Теарце.

Дејности: 070114, промет на мало со прехранбнеи и други предмети за домаќинство.

Во правниот промет со трети лица субјектот истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет со трети лица одговара со целиот имот.

Реџепи Адемсафи, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3168/97. (8228)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3299/97, на регистарска влошка бр. 1-69535-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на трговец поединец таксист „АС ЕКСПРЕС“ ТП Имбрија Вехап Мисими с. Боговиње, Тетово.

Основач: Мисими Имбрија од с. Боговиње, Тетово.

Дејности: 060602.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет со трети лица одговара со целиот имот.

Мисими Имбрија е управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3299/97. (8229)

---

Основниот суд Битола, со решението Срег. бр. 1271/97 на регистарска влошка бр. 1-4218, ја запиша во судскиот регистар промената на седиште, истапување на основач и промена на директор на Производното услужно претпријатие „УНИ БАК“ п.о. ул. „Кузман Јосифовски“ бр. 152, Прилеп.

Истапување на основачите: Круме Николоски, Петар Амбароски.

Му престануваат овластувањата за застапување на Емил Гугучески, директор во рамките на запишаните дејности, и се брише од судскиот регистар.

Се именува Верка Забрачанец, директор со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Промена на седиштето на претпријатието, новото седиште ќе биде на ул. „Кузман Јосифоски“ бр. 152, Прилеп.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 1271/97. (8258)

---

Основниот суд во Битола, со решението Срег.бр.1257/97 на регистарска влошка бр.1-6641 го запиша во судскиот регистар основањето на претпријатие за производство „ШАЛОМ“ увоз-извоз претпријатие за производство, услуги, инжинеринг и трговија „ШАЛОМ“ увоз-извоз со П.О. Битола, ул. „Стерјовски Ѓорги Џоџа“ бр. 11/8.

2. Седиштето на претпријатието се наоѓа во Битола на ул. „Стерјовски Ѓ. Џоџа“ бр. 11/8.

3. Се врши промена на овластено лице за застапување. На лицето Васко Проевски му престануват овластувањата за застапување на претпријатието. Лицето Катиа Провска ќе го застапува претпријатието во рамките за запишаните дејности.

Од Основниот суд Битола, Срег. бр. 1257/97. (8012)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3113/97 на регистарска влошка бр. 1-47848-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма, седиште, основач, проширување на дејност во внатрешен трговски промет на Претпријатието за производство услуги и трговија „ВЕНС“ д.о.о. експорт-импорт, ул. III Муб, бр. 67б, Куманово.

„ФИЈО ДИЗАЈН“ д.о.о. Куманово.

На ден 20.04.1997 год., истапува Филип Филиповиќ.

Дејности: 011231, 011232, 011299, 0111315, 011319, 110390.

Се брише Весна Левко, се запишува Филип Филиповиќ.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3113/97. (8261)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 2957/97 на регистарска влошка бр. 1-67328-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за производство, трговија и услуги „СОКОЛ 96“ д.о.о експорт-импорт ул. „Гоце Делчев“ бр. 1, Куманово.

Се брише Сашо Димовски, се запишува Ѓоко Јовановски како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 2957/97. (8262)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 3450/97 на регистарска влошка бр. 1-69539-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Трговецот поединец ТП „КРИСТИЈАН КОМПАНИ“ Зоран Круме Ангелески ул.„Караџица“ бр.8 Скопје.

Дејност: 060602.

Трговецот – поединец во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за сторените обврски одговара со целиот свој имот и средства.

Управител е Зоран Ангелески, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 3450/97. (8195)

---

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 20352/92 на регистарска влошка бр. 1-31680-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Производното трговско претпријатие „ПОЛИТЕХНА“ ц.о. експорт-импорт Скопје , ул.„1558“ бр.15-а.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123 ,070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080201, 080202, 030901, 011390, 011390, 011419, 110404, 011741, 011920, 011920, 011949, 050302, 050301, 080190, 110303, 110309, 110909, 110109, 070310, 070320, малограничен промет со Албанија, Бугарија, Грција и СР Југославија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување и претставување во внатрешен и надворешно трговскиот промет е Душан Ивановиќ, директор, со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 20352/92. (8196)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 16792/94 на регистарска влошка бр. 1-58495-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Претпријатието за трговија на големо и мало „ЕЛ - АН М.С" ц.о. извоз-увоз ул.„Никола Грнчето" бр.4/1 Скопје.

Дејности: 050301, 060501, 060502, 060503, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080122, 080190, 080201, 080202, 110309, 070903, 110905, 110909, 070210, 070320.

Во правниот промет претпријатието истапува во свое име и за своја сметка со неограничени овластувања.

За преземените обврски, претпријатието одговара со целокупниот имот.

Во внатрешниот и надворешно трговскиот промет претпријатието ќе го застапува директорот Јовановски Мирослав со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 16792/94. (8179)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 2969/97 на регистарска влошка бр. 1-69437-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Трговецот поединец Авто такси „ХАЛИМ" Халим Халим Халим „ТП" ул.„Серава" бр.63 Скопје.

Дејност: 060602.

Во правниот промет со трети лица одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник: Халим Халим Халим, неограничено, управител.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 2969/97. (8199)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 3551/97 на регистарска влошка бр. 1-69564-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Трговецот поединец Авто такси „ЕЛМИ" Елми Мемедали Шемши ТП ул.„Дижонска" бр.119.

Дејност: 060602.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник: Елми Мемедали Шемши, неограничено, управител.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 3551/97. (8250)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 3222/97 на регистарска влошка бр. 1-69469-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Кројачкиот салон „ИНЦИ" ТП Мејзини Нуредин Несрин ул.„Лондонска" бр.2.

Дејности: 090150, 070129.

Во правниот промет трговецот поединец настапува во свое име и за своја сметка.

Трговецот поединец во правниот промет со трети лица одговара за своите обврски лично, со целиот свој имот.

Управител на ТП е Мејзини Несрин, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 3222/97. (8201)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Срег. бр. 1942/97 на регистарска влошка бр. 1-20412-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширување на дејност на Производното трговско претпријатие „МЕТИ COMMEPCE" ц.о. експорт-импорт" Порој, Тетово.

Дејности: 011315, 011390, 011941, 011949, 012142, 012310, 012322, 012410, 012421, 012429, 012614, 012810, 013021, 013050, 01099, 013121, 020110, 020140, 020201, 020202, 050100, 050209, 050301, 050302, 060501, 060502, 060602, 060503, 090121, 090140, 090160, 090181, 090183.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 1942/97. (4969)

---

